Бр./Nr________

05-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител - ------------------------- од -------------------, на 27.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 45-тата седницата одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител - --------------------------- од ----------------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5390/1 од 27.11.2019 година, а во која се укажува на сомневање за коруптивно однесување од страна на -------------------------, ------------------------, -------------------, ---------------------- и ---------------------- како судии во Врховен суд на РСМ при донесување на пресуда по барање за ревизија, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување, односно постапиле надлежни органи.

Предметот со број 12-5390/1 од 27.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5390/1 од 27.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител - --------------------- од ---------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за за коруптивно однесување од страна на ---------------------, ------------------, ---------------------, ------------------- и ------------------------- како судии во Врховен суд на РСМ при донесување на пресуда по барање за ревизија.

Во пријавата пондосителот наведува дека Основниот суд --------- со пресуда П1-251/17 од 25.10.2017 година, го усвоил тужбеното барање на тужителот ---- против тужените ------------------------------------------------) и утврдил дека тужителот има право на сопственост на недвижниот имот означен како КП.бр.972/2 на мв.-------------------------, во површина од 144м2, по имотен лист 64411 за КО --------- 4 и ги задолжил тужените да му го признаат тоа право на тужителот и да трпат упис на тоа право во катастарските книги

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

кои се водат при АКН, а со решение ја отфрлил противтужбата на тужените бидејќи немале правен интерес за водење таква постапка. По поднесена жалба второстепениот суд ја преиначил пресудата на првостепениот суд со пресуда Гж.151/18 од 10.05.2018 година, на начин што го одбил тужбеното барање на тужителот ---------- како неосновано. Против пресудата на апелациониот суд тужителот ------- поднел ревизија до Врховниот суд на РСМ, кој во состав од горенаведените судии ја усвојува ревизијата на тужителот ---------- и со пресуда од 21.05.2018 година, на начин што жалбата на подносителите на оваа пријава ја одбиваат како неоснована и ја потврдуваат пресудата на Основниот суд ------------- П1-251/17, по правен основ дека тужителот ---- бил совесен држател на предметниот имот.

Во продолжение на пријавата подносителите ја појаснуваат совесноста на тужителот и како судиите на Врховниот суд ја ценеле истата врз основа на доказите во постапката, и начинот на движење на имотот. Исто така, се наведува дека меѓу правните претходници на странките во судскиот спор имало расправии и судски постапки во врска со предметниот имот. Според подносителите предметниот имот никогаш не бил во сопственост на тужителот ---------- и неговиот правен претходник и иститe никогаш не биле совесни и законити држатели на стварта, а Врховниот суд не ги земал предвид овие докази и факти при одлучувањето по поднесената ревизија.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата констатира дека станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во Република Северна Македонија,односно станува збор за пресудена ствар од имотно-правен карактер за која одлучувале надлежните судови во РСМ во редовна и во постапка по правен лек.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапиле надлежни државни органи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**